# ВОВЕД

Целта на финансиските извештаи е да се обезбедат информации во врска со финансиската состојба, успешноста на работењето и промените во финансиската состојба на претпријатието за три месеци. Од финансискиот извештај не може да се види целосната финансиска состојба на претпријатието, затоа што извештајот кој што се прави е за одреден период. Целта на овој извештај е да се информираат органите на претпријатието и Советот на Општина Берово за деветмесечното работење на претпријатието за 2024 година.

Извештаите се изготвени во согласност со законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.

За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат по реална слика за финансиското работење на ЈПКР„Услуга“ Берово.

## 1.1 Биланс на успех

| **Биланс на успех** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.Број | | 2024 | 2023 | индекс |
| 1 | **Приходи од работење** | **47.498.038** | **37.305.092** | 127.32 |
| 2 | Приходи од продажба | 39.247.090 | 32.984.552 | 118.99 |
| 3 | Останати приходи | 8.250.948 | 4.320.540 | 190.97 |
| 6 | **Расходи од работењето** | **47.357.099** | **40.621.352** | 116.58 |
| 7 | Трошоци за суровини и материјали | 13.374.643 | 11.509.823 | 116.21 |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 637.629 | 688.444 | 92.62 |
| 11 | Останати трошоци на работењето | 1.100.589 | 1.111.155 | 99.05 |
| 12 | Трошоци за вработени | **24.323.122** | **23.524.074** | 103.40 |
| 12а | Плати и надомести на плати | 16.236.133 | 15.845.848 | 102.46 |
| 12б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 5.987.023 | 5.913.917 | 101.24 |
| 12в | Придонеси од задолжително социјално осиг. | 1.774.258 | 1.764.309 | 100.56 |
| 12г | Останати трошоци од вработените | 325.708 | 326.063 | 99.89 |
| 13 | Амортизација на материјални средства | 7.728.230 | 3.406.919 | 226.84 |
| 14 | Вредносно усогласување (обезвре.)нетек. | | | |
| 15 | Вредносно усогласување(обезвред.)теков. | | | |
| 16 | Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| 17 | Останати расходи од работењето | 140.601 | 54.874 | 256.22 |
| | **Финансиски приходи** | | | |
| | **Финансиски расходи** | | | |
| 34 | Добивка од редовно работење пред оданоч. | 140.939 | | 100.00 |
| 35 | Загуба пред оданочување | | -3.316.260 | 100.00 |
| | Данок од добивка | | | |
| | Нето загуба за деловна година | | | |
| | Просечен број на вработени | 68 | 75 | 90.67 |

**ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД БИЛАНСОТ НА УСПЕХ**

Во Билансот на успехот се прикажани промените кои настанале во претпријатието во определен временски период како резултат на деловната активност на истата во тој период. Овој финансиски извештај е детален преглед на сите приходи и трошоци што ги остварило претпријатието за одреден временски период и го прикажува крајниот резултат (добивка или загуба). Доколку приходите се поголеми од трошоците, претпријатието остварило позитивен финансиски резултат, а доколку трошоците ги надминуваат приходите во тој случај станува збор за загуба.

Појаснување на некои позиции од Билансот на успех

1. **Во приходи**

Приходи од продажба - Приходи од продажба на услуги

Останати приходи - Приходи од субвенции на општината, приходи од предлози од тужби, приходи по основ на наплатени камати .

Од билансот на успехот може да се забележи дека оваа година приходите бележат голем пораст. Во овие девет месеци ЈПКР "Услуга" има приход од 47.498.038 денари, односно за 10.192.946 денари повеќе од претходната година. Тоа најмногу се должи на покачување на цената за водни услуги на почетокот од годината, ажурираноста на корисниците, наплатата на стари долгови, наплатата на тужбите кои беа дадени на извршител, акцијата за дивите приклучоци низ населените места во оштината, како и ажурирањето на квадратурата на правните лица за сметот.

2. **Во трошоци**

Трошоци за суровини и материјали се: трошоците за суровини и материјали потрошени за производство, трошоци за енергија, трошоци за резервни делови.

Услуги со карактер на материјални трошоци се: поштенски услуги,трошоци за тековно одржување, телефонски услуги, услуги за одржување и огласи.

Останати трошоци на работењето – трошоци за осигурување, банкарски услуги, судски такси, адвокатски услуги, објава за јавни набавки, трошоци за членови на управен и надзорен одбор,дневници за службени патувања, трошоци за одење во пензија, трошоци за репрезентација и др.

Останати трошоци за вработени –плати и надоместоци за плати.

Останати расходи од работењето - непризнаени расходи за платени камати .

Од Билансот на успехот може да се види дека и расходите од работењето се зголемуваат и во овие девет месеци претпријатието работело со расходи од 47.357.099 денари, каде најмногу е потрошено на трошоците за набавка на суровини и материјали, како и зголемената

амортизација поради впишувањето на пречистителната станица на крајот од 2023 година кај која почнува пресметувањето на амортизацијата од месец Јануари 2024 година, но и впишувањето на филтер станицата на Беровското езеро на почетокот од годината.

Сепак и покрај големата сума на расходи, може да се забележи дека ЈПКР "Услуга" Берово во овие девет месеци од 2024 година работи со минимална добивка од 140.939 денари, за разлика од минатата година кога работеше со загуба од дури 3.316.260 денари.

### 1.1 Приходи по сектори

| *ВИД НА ПРИХОД* | *2024* | *2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 0 | 0 | 0 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 113.480 | 178.975 | 63.40 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 15.631.068 | 12.325.507 | 126.82 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 2.761.731 | 1.677.973 | 164.59 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 9.096.807 | 3.817.499 | 238.29 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 13.191.857 | 12.550.760 | 105.11 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 6.676.169 | 6.754.378 | 98.84 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 26.926 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно приходи** | **47.498.038** | **37.305.092** | **127.32** |

Сектор за општи и правни работи нема остварено приход во 2024 година.

Сектор за финансии и сметководство има остварено приход од 113.480 денари, најмногу од камати.

Секторот за производство и дистрибуција на вода има значително зголемување на приходот. Оваа година овој сектор има остварено приход од 15.631.068 денари, односно за 3.305.561 денар повеќе во однос на минатата година во овој период. Оваа разлика ни се

појавува најпрвин од зголемувањето на цената за водни услуги на почетокот од годината за правни и физички лица, наплатата на стари долгови, некои и преку извршител, поради впишување на филтер станицата на Беровско езеро во основните средства. Исто така и разликата во потрошувачката на водата од тримесечје во тримесечје, каде најмногу вода имаме фактурирано во последното тримесечје, од периодот од месец Јули до месец Септември. Имавме и голем број на барања за нови приклучоци, поправки на механизми на водомерите, како и разни видови на водоинсталатерски услуги.

Приходите во овој сектор ни се зголемени и со акцијата која ја спроведе претпријатието за откривање на дивите приклучоци во населените места во Општината. Според податоците, истражени се 30% од населените места (дел од с. Русиново, комплетно е истражено с. Смојмирово, дел од с. Владимирово ), од каде се откриени 10 диви приклучоци од кои 5 веќе се регализирани.

Сектор канализација исто така има зголемен приход во износ од 2.761.731 денар, за 1.083.758 денари повеќе од 2023 година. Во овој сектор приходот ни е зголемен поради зголемувањето на цената на канализационите услуги почнувајќи од месец Февруари, барањата за нови приклучоци во канализациониот систем како и поголемиот број на барања за чистење на оџаци за разлика од минатата година.

Кај секторот пречистување на урбани отпадни води имаме најголемо зголемување на приходот од сите други сектори. Овде приходот во овие девет месеци ни изнесува 9.096.807 денари, односно за 5.279.308 денари повеќе од претходната година. Ова зголемување ни доаѓа од зголемената цена на пречистување на урбани одпадни води од месец Февруари, но и поради зголемената потрошувачка на пречистување на отпадните води посебно во последните три месеци (Јули, Август и Септември). Исто така голем приход ни доаѓа и од субвенциите, односно амортизацијата на пречистителната станица која е впишана во нашите основни средства.

Сектор комунална хигиена и механизација има зголемување на приходот кој изнесува 13.191.857 денари, за 641.097 денари повеќе од 2023 година. Оваа разлика ни се појавува пред се поради акцијата со ажурирањето на податоците на 80% од правните лица за услугата собирање на смет, која почнавме да ја спроведуваме од месец Август, , која досега години наназад никогаш не била ажурирана врз основа на имотни листови.

Секторот јавна чистота, пазар и гробишта има мало намалување на приходот за 78.209 денари, поради намалувањето на продажбата на гробни места, како и помалиот број на тезги на пазарот. Но, имаме и зголемување кај приходите во овој сектор, пред се од паркови и зеленило поради зголемената цена од 20 денари за секој корисник кој почна да се реализира од

месец Јануари, како и од новиот реализиран договор со општината за зголемување на приходот за јавна чистота.

Сектор катастер предмер и пресметка нема остварени приходи.

Сектор заеднички служби има остварено приход од 26.926 денари поради амортизацијата на службеното возило Голф Волксваген, кое ни беше отстапено од општината од месец Февруари.

Вкупно приходите во овие девет месеци на претпријатието се зголемени за 10.192.946 денари повеќе од претходната година.

### 1.1.1 Приходи по одделенија

**1.Сектор за правни и општи работи**

| СЕКТОРИ | ОДДЕЛЕНИЈА | 2024 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | Правни работи | 0 | 0 | 0 |
| | Човечки ресурси | 0 | 0 | 0 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | Финансии | 113.480 | 178.975 | 63.40 |
| | Наплата | 0 | 0 | 0 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | Одржување | 15.406.533 | 12.031.839 | 128.05 |
| | Водоводна мрежа | 224.535 | 293.668 | 76.46 |
| | Контрола | 0 | 0 | 0 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | Одржување на канализација | 2.761.731 | 1.677.973 | 164.59 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | Хемиска лабараторија за одпадни води | 4.035.304 | 53.299 | 7,571.08 |
| | Машинско одржување на пумпни станици за фекални води | 5.061.503 | 3.764.200 | 134.46 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | Комунална хигиена | 12.284.075 | 11.976.101 | 102.57 |
| | Механизација и возила | 907.782 | 574.659 | 157.97 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | Јавна чистота | 3.789.737 | 2.695.119 | 140.61 |
| | Пазар | 546.603 | 647.622 | 84.40 |
| | Градски гробишта | 2.339.829 | 3.411.636 | 68.58 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | Катастер | 0 | 0 | 0 |
| | Предмер и пресметка | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | Заеднички служби | 26.926 | 0 | 100.00 |
| ВКУПНО | вкупно | 47.498.038 | 37.305.092 | 127.32 |

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|

**2.Сектор за финансии и сметководство**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|
| Останати приходи од работењето | 49.951 | 120.971 | 41.29 |
| Приходи врз основа на камати | 63.529 | 58.004 | 109.53 |
| **Вкупно:** | **113.480** | **178.975** | **63.40** |

**3.Сектор за производство и дистрибуција за вода**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од водоинсталатори | 409.200 | 16.540 | 2,474.00 |
| Приходи од вода- Физички лица | 12.360.993 | 9.954.292 | 124.18 |
| Приходи од вода-фирми | 1.571.279 | 1.426.829 | 110.12 |
| Приходи од вода-установи | 574.205 | 564.316 | 101.75 |
| Приходи од субвенции | 534.445 | 48.916 | 1,092.58 |
| Приходи од предлози за тужби | 31.800 | 34.980 | 90.91 |
| Приходи од адвокатски услуги | 0 | 208.130 | 100.00 |
| Останати приходи од работењето | 149.146 | 71.505 | 208.58 |
| **Вкупно:** | **15.631.068** | **12.325.507** | **126.82** |

**4.Сектор канализација**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од работна рака | 405.682 | 237.323 | 170.94 |
| Приходи од канализација- установи | 89.549 | 57.852 | 157.79 |
| Приходи од канализација-Фирма | 315.186 | 226.919 | 138.90 |
| Приходи од канализација-Физички лица | 1.614.594 | 932.647 | 173.12 |
| Чистење на оџаци | 19.280 | 6.950 | 277.41 |
| Чистење на канализација | 5.500 | 0 | 100.00 |
| Приходи од субвенции | 213.948 | 213.167 | 100.37 |
| Останати приходи од работењето | 97.992 | 3.115 | 3,143.56 |
| **Вкупно:** | **2.761.731** | **1.677.973** | **164.59** |

**5.Сектор за прочистување урбани одпадни води**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од пречистување – физички лица | 4.370.522 | 3.197.619 | 136.68 |
| Приходи од пречистување-фирми | 181.417 | 140.333 | 129.28 |
| Приходи од пречистување-установи | 509.564 | 426.248 | 119.55 |
| Приходи од субвенции | 4.035.304 | 53.299 | 7,571.07 |
| **Вкупно:** | **9.096.807** | **3.817.499** | **238.29** |

**6.Сектор комунална хигиена и механизација**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од смет-фирми | 2.145.908 | 1.872.012 | 114.63 |
| Приходи од смет-установи | 491.066 | 503.408 | 97.55 |
| Приходи од смет-физички лица | 6.944.200 | 6.977.971 | 99.52 |
| Приходи од користење депонија | 5.085 | 6.390 | 79.58 |
| Приходи од механизација | 468.957 | 456.344 | 102.76 |
| Приходи од смет-дуќани | 450.034 | 452.738 | 99.40 |
| Приходи од субвенции | 2.538.819 | 2.281.898 | 111.26 |
| Останати приходи од работењето | 147.788 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **13.191.857** | **12.550.760** | **105.11** |

**7.Сектор јавна чистота и зеленило,пазар и гробишта**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од погребално - капела | 125.300 | 120.100 | 100.75 |
| Приходи од работна рака | 29.075 | 13.426 | 216.55 |
| Приходи од пазар-тезги | 199.569 | 218.320 | 91.41 |
| Приходи од пазар-резервации | 347.034 | 353.602 | 98.14 |
| Приходи од паркови и зеленила | 1.422.426 | 1.003.073 | 141.81 |
| Приходи од јавна чистота | 2.209.015 | 1.828.342 | 120.82 |
| Приходи од одржување на гробишта | 1.621.200 | 1.611.760 | 100.58 |
| Приходи од изработка на цокла | 97.900 | 124.800 | 78.45 |
| Користење на депонија | 1.500 | 0 | 100.00 |
| Приходи од продажба на гробно место | 192.000 | 213.000 | 90.14 |
| Приходи од влез во гробишта | 64.600 | 41.400 | 156.04 |
| Останати приходи од работењето | 0 | 74.000 | 100.00 |
| Приходи од субвенции | 361.300 | 1.152.555 | 31.35 |
| Приходи од изработка на паркови и зеленило | 5.250 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **6.676.169** | **6.754.378** | **98.84** |

**8.Сектор за катастер,предмер и пресметка**

| Вид на приход | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|

**9.Сектор заеднички служби**

| Вид на приход | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од  субвенции | 26.926 | 0 | 100.00 |

### 1.3 Трошоци по сектори

| *ВИД НА ТРОШОК* | *2024* | *2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 1.273.513 | 1.291.719 | 98.60 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 2.558.551 | 2.446.045 | 104.60 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 13.368.826 | 11.332.068 | 117.97 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 1.952.731 | 1.856.500 | 105.18 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 8.315.674 | 3.887.078 | 213.93 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 10.041.692 | 9.749.286 | 103.00 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 8.294.993 | 8.484.240 | 97.77 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 1.551.119 | 1.574.416 | 95.98 |
| **Вкупно трошок** | **47.357.099** | **40.621.352** | **116.58** |

Трошоци за општи и правни работи за 2024 год. имаме остварено во износ од 1.273.513 денари или за 18.206 денари помалку од претходната година.

Трошоци за финансии и сметководство имаме 2.558.551 денар или за 112.506 денари ни се зголемени, поради банкарски услуги, односно провизијата, трошоците за времено вработени како и трошоците за надомест на управниот и надзорен одбор.

Трошоците за општи и правни работи и трошоци за финансии и сметководство се администратвни трошоци кои со стопроцентна точност не можат да се поделат.

Трошоците за производство и дистрибуција на вода оваа година изнесуваат 13.368.826 денари и за разлика од минатата година ни се зголемени за 2.036.758 денари, како резултат на зголемување на амортизацијата поради впишувањето на филтер станицата на Беровското езеро, зголемувањето на цената на реагенси, но и цената на електрична енергија, потребата од набавка на поголема количина сурова вода, како и платите за времено вработени.

Сектор канализација има минимално зголемување на трошоците за 5.18 индексни поени , односно во овој сектор се потрошени 1.952.731 денар, со зголемување на минималната плата.

Трошоците за пречистување на урбани одпадни води изнесуваат 8.315.674 денари и ни се со најголемо зголемување за дури 4.428.596 денари. Најголем фактор за ова зголемување е поради зголемувањето на амортизацијата за пречистителната станица која ни е отстапена на трајно користење од страна на општината, платата за времено вработени како и трошоците за електрична енергија.

Комунална хигиена и механизација исто така има зголемување на трошоците за 292.406 денари. Ова зголемување се должи на трошоците за плати на времено вработени, како и трошоците за порамнување на депонијата.

Трошоците за јавна чистота, пазар и гробишта ни се намалени и оваа година изнесуваат 8.294.993 денари, а причина за ова намалување се помалите трошоци за гориво, и помали трошоци за плата за разлика од минатата година, бидејќи имавме поголем број на пензионери од овој сектор.

Катастер премер и пресметка немаме остварено трошоци.

Трошокот за заеднички служби изнесува 1.551.119 денари, за 23.297 денари помалку од претходната година.

Не можеме да кажеме дека оваа споредба е точна затоа што имаме и прераспределба на работниците по секторите, а трошоците за вработените зафаќаат најголем процент од вкупните трошоци во секторите.

Вкупните трошоци за 2024 година ни се зголемени за 6.735.747 денари, но ова зголемување на вкупните трошоци доаѓа пред се од исплатата на регресот за годишен одмор за 2023 година кој сеуште не е целосно исплатен, односно остануваат упте 30% за исплата на вработените, и ваков регрес вработените во ЈПКР "Услуга" досега не добивале иако по закон и колективен договор ги следува за секоја година. Исто така беше направен и систематски

преглед на сите вработени во претпријатието после долги години, а после 2 години беше набавена и задолжителната ХТЗ опрема која исто така согласно правилникот треба да ја добиваат секоја година.

### 1.3.1 Трошоци по одделенија

| СЕКТОРИ | ОДДЕЛЕНИЈА | 2024 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | Правни работи | 557.973 | 639.782 | 87.21 |
| | Човечки ресурси | 715.540 | 651.937 | 109.76 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | Финансии | 1.693.655 | 1.741.249 | 97.26 |
| | Наплата | 864.896 | 704.796 | 122.71 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | Одржување | 8.826.911 | 7.439.319 | 118.65 |
| | Водоводна мрежа | 2.784.218 | 2.006.977 | 138.72 |
| | Контрола | 1.757.696 | 1.885.722 | 93.21 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | Одржување на канализација | 1.952.731 | 1.856.500 | 105.18 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | Хемиска лабараторија за одпадни води | 6.719.927 | 2.576.659 | 260.80 |
| | Машинско одржување на пумпни станици за фекални води | 1.595.702 | 1.310.419 | 121.77 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | Комунална хигиена | 7.251.339 | 6.647.298 | 108.09 |
| | Механизација и возила | 2.790.353 | 3.101.988 | 89.95 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | Јавна чистота | 6.408.136 | 6.388.253 | 101.10 |
| | Пазар | 433.495 | 609.150 | 71.16 |
| | Градски гробишта | 1.453.361 | 1.486.837 | 97.75 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | Катастер Предмер и пресметка | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | Заеднички служби | 1.551.119 | 1.574.416 | 98.52 |
| ВКУПНО | вкупно | **47.357.099** | **40.621.352** | 116.58 |

**1.Сектор за правни и општи работи**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 32.437 | 37.280 | 87.00 |
| Трошоци за стручна литература | 5.932 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.137.083 | 1.017.661 | 111.73 |
| Трошоци за амортизација | 7.058 | 9.045 | 78.032 |
| Трошоци за семинари | 3.695 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за огласи | 0 | 13.800 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 2.000 | 100.00 |
| Трошоци за службен весник | 38.983 | 43.898 | 88.80 |
| Судски такси | 1.200 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за адвокатски услуги | 26.527 | 156.635 | 16.76 |
| Трошоци за објава на јавни набавки | 20.678 | 11.400 | 181.39 |
| **Вкупно:** | **1.273.513** | **1.291.719** | **98.59** |

**2.Сектор за финансии и сметководство**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 87.200 | 86.030 | 101.36 |
| Трошоци за времено вработени | 284.743 | 160.134 | 177.81 |
| Трошоци за електрична енергија | 71.890 | 106.443 | 67.54 |
| Трошоци за дрва | 34.020 | 77.550 | 43.87 |
| Трошоци за стручна литература | 14.771 | 12.371 | 119.40 |
| Поштенски услуги,телефонски услуги и интернет | 32.619 | 31.521 | 103.48 |
| Трошоци за одржување и заштита | 54.473 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за одржување на компјутери | 138.000 | 53.930 | 255.88 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.471.451 | 1.698.300 | 86.64 |
| Трошоци за амортизација | 1.144 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 1.590 | 220 | 722.72 |
| Трошоци за семинари | 4.000 | 6.000 | 66.66 |
| Трошоци за надоместок за УО и НО | 110.772 | 28.886 | 383.47 |
| Отпремнина за пензија | 45.816 | 50.000 | 91.63 |
| Банкарски услуги и платен промет | 195.694 | 124.497 | 157.19 |
| Трошоци за централен регистаер и токени | 0 | 855 | 100.00 |
| Останати трошоци од рабореењето | 10.145 | 9.308 | 108.99 |
| Расход за камати | 233 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **2.558.551** | **2.446.045** | **104.60** |

**3.Сектор за производство и дистрибуција за вода**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 621.431 | 590.794 | 105.18 |
| Трошоци за реагенси | 777.641 | 412.900 | 118.33 |
| Трошоци за сурова вода | 2.864.400 | 2.651.880 | 108.01 |
| Трошоци за времено вработени | 772.197 | 143.334 | 538.74 |
| Трошоци за електрична енергија | 1.035.943 | 855.752 | 121.06 |
| Трошоци за гориво | 420.432 | 415.700 | 101.13 |
| Трошоци за дрва | 58.070 | 28.401 | 204.45 |
| Поштенски услуги,тел.услуги и интернат | 100.417 | 93.728 | 107.14 |
| Трошоци за тековно одржување | 12.508 | 0 | 100.00 |
| Други трошоци | 12.000 | 0 | 100.00 |
| Услуги за одржување и заштита | 0 | 60.750 | 100.00 |
| Трошоци за огласи | 0 | 28.802 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 5.104.412 | 5.315.982 | 96.02 |
| Регрес за годишен одмор | 319.968 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за амортизација | 620.442 | 190.632 | 325.46 |
| Трошоци за осигурување | 0 | 5.943 | 100.00 |
| Судски такси | 5.902 | 0 | 100.00 |
| Отпремнина за пензија | 31.556 | 55.800 | 56.55 |
| Преглед на работници | 52.800 | 0 | 100.00 |
| Останати услуги | 18.632 | 24.030 | 77.53 |
| Трошоци за испитување на вода | 218.184 | 212.300 | 102.77 |
| Трошоци за регистраццја на возила | 5.355 | 2.268 | 236.11 |
| Трошоци за адвокатски услуги | 128.469 | 146.447 | 87.72 |
| Трошоци за АДКОМ | 36.640 | 41.220 | 88.88 |
| Трошоци за санитарен преглед | 66.050 | 38.200 | 172.90 |
| Останати трошоци од работењето | 85.377 | 17.205 | 496.23 |
| **Вкупно:** | **13.368.826** | **11.332.068** | **117.97** |

**4.Сектор канализација**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 56.527 | 127.833 | 44.21 |
| Трошоци за гориво | 95.356 | 90.714 | 105.11 |
| Други трошоци | 12.000 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.479.019 | 1.280.471 | 115.50 |
| Останати расходи од работењето | 50.000 | 6.242 | 801.05 |
| Амортизација | 244.829 | 351.240 | 69.70 |
| Адвокатски услуги | 15.000 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **1.952.731** | **1.856.500** | **105.18** |

**5.Сектор за прочистување урбани одпадни води**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 124.765 | 174.158 | 71.64 |
| Трошоци за времено вработени | 340.568 | 34.623 | 983.64 |
| Трошоци за електрична енергија | 1.430.093 | 1.351.650 | 105.80 |
| Трошоци за дрва | 0 | 3.575 | 100.00 |
| Трошоци за гориво | 0 | 737 | 100.00 |
| Трошоци за тековно одржување | 8.400 | 116.010 | 7.24 |
| Други трошоци | 12.000 | | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 2.279.557 | 2.073.306 | 106.97 |
| Амортизација | 4.044.292 | 62.254 | 6496.44 |
| Трошоци за испитување на вода | 16.000 | 16.291 | 98.21 |
| Останати расходи од работување | 59.999 | 53.574 | 111.99 |
| Дневници за службено патување | 0 | 900 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **8.315.674** | **3.887.078** | **213.93** |

**6.Сектор комунална хигиена и механизација**

| **Вид на трошоци** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 467.491 | 1.067.668 | 43.78 |
| Трошоци за времено вработување | 206.224 | 44.444 | 464.00 |
| Трошоци за смет | 569.440 | 229.833 | 247.76 |
| Трошоци за гориво | 866.741 | 938.881 | 92.32 |
| Поштенски услуги,тел. Услуги и интернет | 66.143 | 92.528 | 71.48 |
| Трошоци за тековно одржување | 35.200 | 58.865 | 59.80 |
| Услуги за одржување и заштита | 111.570 | 76.950 | 144.99 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 5.454.850 | 4.911.779 | 109.27 |
| Амортизација | 2.197.712 | 2.140.301 | 106.68 |
| Дневници за службено патување | 0 | 1.000 | 100.00 |
| Трошоци за осигурување | 10.864 | 0 | 100.00 |
| Опремнина на пензја | 0 | 50.418 | 100.00 |
| Трошоци за регистрација на возила | 52.697 | 76.066 | 69.28 |
| Трошоци за осигурување на возила | 0 | 35.787 | 100.00 |
| Адвокатски услуги | 2.760 | 14.490 | 19.05 |
| Останати трошоци од работењето | 0 | 10.276 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **10.041.692** | **9.749.286** | **102.99** |

**7.Сектор јавна чистота и зеленило,пазар и гробишта**

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 587.307 | 414.006 | 141.86 |
| Трошоци за времено вработени | 1.279.238 | 1.047.278 | 122.15 |
| Трошоци за гориво | 169.877 | 235.883 | 72.02 |
| Трошоци за дрва | 3.750 | 1.389 | 269.98 |
| Услуги за одржување и заштиа | 25.958 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за тековно одржување | 0 | 10.000 | 100.00 |
| Трошоци за огласи | 0 | 11.106 | 100.00 |
| Услуги за одржување на компјутери | 0 | 7.800 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци од плати | 5.452.712 | 5.956.570 | 91.54 |
| Регрес за годишен одмор | 16.579 | 0 | 100.00 |
| Амортизација | 573.321 | 640.975 | 89.45 |
| Трошоци за семинари | 30.000 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 1.000 | 100.00 |
| Осигурување на возила | 0 | 1.392 | 100.00 |
| Опремнина за пензија | 156.251 | 109.599 | 142.57 |
| Помош на семејства | 0 | 10.000 | 100.00 |
| Трошоци за регистрација на возила | 0 | 15.442 | 100.00 |
| Останати расходи од работењето | 0 | 21.800 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **8.294.993** | **8.484.240** | **97.77** |

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|

**9.Сектор заеднички служби**

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 10.965 | 77.517 | 14.14 |
| Трошоци за гориво | 85.195 | 83.345 | 102.22 |
| Поштенски и телефонски услуги | 33.709 | 8.084 | 416.98 |
| Трошоци за реклами и пропаганди | 16.285 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.281.783 | 1.270.005 | 100.93 |
| Трошоци за амортизација | 39.432 | 12.472 | 316.16 |
| Трошоци за тековно одржување | 0 | 8.260 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 926 | 100.00 |
| Тршоци за репрезентација | 83.751 | 113.807 | 73.59 |
| **Вкупно:** | **1.551.119** | **1.574.416** | **98.52** |

### 1.4 Разлика приходи и расходи по сектори

| *СЕКТОР* | *ПРИХОДИ* | *ТРОШОК* | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 0 | 1.273.513 | - 1.273.513 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 113.480 | 2.558.551 | - 2.445.071 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 15.631.068 | 13.368.826 | 2.262.242 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 2.761.731 | 1.952.731 | 809.000 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 9.096.807 | 8.315.674 | 781.133 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 13.191.857 | 10.041.692 | 3.150.165 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 6.676.169 | 8.294.993 | -1.618.824 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 26.926 | 1.551.119 | -1.524.193 |
| **ВКУПНО** | **47.498.038** | **47.357.099** | **140.939** |
| **ВКУПНО (2023 година)** | **37.305.092** | **40.621.352** | **-3.316.260** |

Од табелата може да видеме дека сектор за општи и правни работи нема остварено приход и е со негативна разлика од 1.273.513 денари.

Сектор за финансии и сметководство има негативна разлика од 2.445.071 денар.

Сектор производство и дистрибуција на вода работи со позитивна разлика од 2.262.242 денари..

Секторот за канализација има исто така позитивна разлиака од 809.000 денари.

Сектор пречистување на урбани одпадни води остварува позитивна разлика од 781.133 денари.

Секторот за комунална хигиена и механизација работи со најголема позитивна разлика од дури 3.150.165 денари.

Сектор јавна чистота,пазар и гробишта бележи негативна разлика од 1.618.824.

Сектор катастер предмер и пресметка нема остварено ниту приходи ниту расходи.

Сектор за заеднички служби исто така е со негативна разлика од 1.524.193 денари.

На крајот од сето ова може да заклучиме дека и покрај големите расходи, претпијатието има остварено и големи приходи и успева во овие девет месеци од 2024 година да заврши со мала позитивна разлика од 140.939 денари. Оваа разлика иако е мала за претпијатието претставува голема разлика, бидејќи минатата година во овој период ЈПКР "Услуга" работеше со загуба од дури 3.316.260 денари.

**1.5 Процент на наплата**

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Физички лица** | 82.33 | 82.40 |
| **Дуќани** | 77.36 | 76.22 |
| **Големи Фирми** | 81.65 | 79.58 |

Од самиот извештај може да се забележи минимално намалување на процентот на наплата кај физички лица за 0.07 %, кај дуќаните има мало зголемување на наплатата за 1.14%, додека кај големите фирми има најголемо зголемување на наплатата за 2.07 проценти.

Берово

Октомври 2024 год.

ЈПКР„Услуга"- Берово

Изготвил: Директор

Пехчевска Адријана Дип.маш.инг. Илија Рунтевски

_________________ _____________________________